Врз основа на член 20 став 1 алинеја 11 од Статутот на Државниот испитен центар, во врска со член 3 став 1 алинеја 5 и член 8 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр. 13/06, 86/08, 6/10, 42/14, 148/15 и 55/16), директорот на Државниот испитен центар ја донесе следната:

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
Бр. 12-416/2
11.09. 2017 год.
СКОПЈЕ

# ОДЛУКА

## *за определување службено лице за посредување со информации од јавен карактер*

1. Со оваа Одлука административниот службеник **Валентина Костадинова**, *Виш референт-технички секретар* во Одделението за нормативно-правни и административни работи, се определува за ***службено лице за посредување со информации од јавен карактер***, со кои ги располага Државниот испитен центар, како имател на информации.

2. Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер ги дава потребните информации од јавен карактер со кои располага Државниот испитен центар и им помага на барателите на информации, за што води посебна евиденција за примање на барањата за информации, чување и давање на информациите, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, друг закон и актите на Државниот испитен цнетар.

3. Службеното лице за посредување со информации, по добивањето на барањето формира предмет со сите релевантни податоци, и по истиот постапува согласно одредбите на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и подзаконските акти кои произлегуваат од него.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

5. Оваа Одлука се објавува на веб страната на Државниот испитен центар.

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
В.Д.ДИРЕКТОР

*Незмедин Садики*

Доставено до:

- Службеното лице за посредување со информации;
- Архивата;
- Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер